# I. Економски движења во светот

## 1.1. Развиени економии и земји во развој

Регионалните економски кризи во Русија и Азија беа највпечатливите економски настани во текот на 1998 година. Тие силно се одразија врз светската економија, забавувајќи го во значаен обем нејзиниот растеж. Порастот на бруто домашниот производ (БДП) на светската економија во 1998 година изнесува 2,2%[1] и е далеку под просекот од околу 4%, карактеристичен за периодот од 1970 година наваму. Неповолните глобални економски движења делумно беа детерминирани и од влошената економска состојба во Бразил, како резултат на дефицитот во јавниот сектор. Иако поодделните економски групации на земји не беа подеднакво погодени од економските кризи, сепак случувањата во 1998 година впечатливо го илустрираат високиот степен на глобализација на светската економија, во која е тешко целосно да се изолира ширењето на проблемите на одреден регион врз останатите делови на светот. Неповолните ефекти од кризите во Азија и Русија во 1998 година беа ублажени со мерки како што се: а/ стабилизационите програми иницирани во азиските земји, насочени кон надминување на проблемите во финансискиот сектор, билансот на плаќање и слабата домашна побарувачка. Надополнети со активности за стабилизирање на девизните курсеви, преземените мерки резултираа со постепено враќање на довербата на меѓународните инвеститори во овие економии; и б/ намалување на каматните стапки од страна на централните банки на повеќето развиени земји.

Табела 1

**Селектирани макроекономски индикатори**

**- развиени земји и земји во развој -**

| | БДП (реален пораст во %) | | | Инфлација (пораст на цени на мало во %) | | | Стапка на невработеност (во %) | | | Тековна сметка на биланс на плаќања (во милијарди САД долари) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1996 | 97 | 98 | 1996 | 97 | 98 | 1996 | 97 | 98 | 1996 | 97 | 98 |
| Светска економија | 4,3 | 4,2 | 2,2 | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Развиени економии | 3,2 | 3,2 | 2,0 | 2,4 | 2,1 | 1,6 | 7,3 | 7,0 | 6,9 | 35 | 72 | 44 |
| САД | 3,4 | 3,9 | 3,6 | 2,9 | 2,3 | 1,6 | 5,4 | 4,9 | 4,5 | -135 | -155 | -231 |
| Европска Унија | 1,8 | 2,7 | 2,8 | 2,5 | 1,9 | 1,5 | 11,2 | 11,0 | 10,2 | 90 | 123 | 100 |
| Германија | 1,3 | 2,2 | 2,7 | 1,5 | 1,8 | 1,0 | 10,4 | 11,5 | 10,9 | -14 | -4 | 3 |
| Франција | 1,6 | 2,3 | 3,0 | 2,0 | 1,2 | 0,7 | 12,4 | 12,7 | 11,7 | 21 | 39 | 31 |
| Италија | 0,7 | 1,5 | 1,3 | 3,9 | 1,7 | 1,7 | 12,1 | 12,3 | 12,2 | 41 | 34 | 29 |
| Грција | 2,7 | 3,5 | 3,3 | 8,2 | 5,5 | 4,8 | 10,3 | 10,3 | 10,2 | - | - | - |
| Јапонија | 5,0 | 1,4 | -2,8 | 0,1 | 1,7 | 0,4 | 3,3 | 3,4 | 4,2 | 66 | 94 | 128 |
| Земји во развој | 6,5 | 5,7 | 2,8 | 14,1 | 9,2 | 10,2 | - | - | - | -74 | -66 | -95 |

Извор: WEO, Interim Assessment, Декември 1998 година

[1] Проценка, WEO, Interim Assessment, Декември 1998.

Од аспект на поодделни групации на земји, во 1998 година дојде до забавување на економскиот растеж на развиените економии и тој е понизок за 1,2 процентни поени во однос на минатогодишниот. Тоа е првенствено последица на негативната стапка на економски растеж на Јапонија од 2,8%, условена од проблемите во нејзиниот финансиски сектор и од кризата во регионот, во кој оваа земја игра главна улога. Истовремено, во Јапонија се зголеми стапката на невработеност, иако таа остана најниска во групата развиени земји.

Од развиените земји, македонската економија има најразвиени економски односи со ЕУ и САД, во кои во 1998 година се пласираа 57,5% од македонскиот извоз. Кај земјите на ЕУ во 1998 година во однос на претходната година е регистрирано забрзување на реалниот порастот на БДП и тој достигна 2,8%. Истовремено, продолжи трендот на намалување на стапката на инфлација која се сведе на 1,5% годишно, додека стапката на невработеност е сеуште над едноцифреното ниво (10,2%). Во рамките на ЕУ, за македонската економија од особена важност се Германија, Италија и Грција, кои претставуваат пазар за 35% од извозот на македонските стоки. Во 1998 година БДП на Германија оствари пораст од 2,7%, што е за 0,5 процентни поени повеќе во однос на 1997 година, при растечка домашна побарувачка. Истовремено, иако е намалена стапката на невработеност од 11,5% на 10,9%, таа е сеуште меѓу највисоките во групацијата на развиени земји. Во Германија во 1998 година цените на мало остварија пораст од 1,0%. Во Италија во 1998 година БДП оствари реален пораст од 1,3%, што е за 0,2 процентни поени помалку во однос на минатата година. За разлика од Германија, во Италија е регистрирано слабеење на домашната побарувачка. Порастот на цените на мало во Италија во 1998 година остана неизменет во однос на 1997 година и изнесуваше 1,7%. Во Грција во 1998 година БДП оствари реален пораст од 3,3%, кој е понизок од минатогодишниот за 0,2 процентни поени, додека инфлацијата е намалена од минатогодишните 5,5% на 4,8%.

САД претставуваат важен трговски партнер за Република Македонија со кого во надворешно трговската размена во 1998 година е остварен суфицит во износ од 73,5 милиони САД долари. Во 1998 година американската економија ја продолжи фазата на континуиран растеж, започната во 1991 година, при што реалниот пораст на БДП изнесуваше 3,6% и е највисок во групата развиени земји. Истовремено, продолжи трендот на намалување на стапката на невработеност, која се сведе на исклучително ниско ниво од 4,5%. Во 1998 година инфлацијата во САД изнесуваше 1,6%, со што во однос на 1997 година се намали за 0,7 процентни поени.

Развиените економии во 1998 година остварија суфицит на тековната сметка од билансот на плаќања во висина од 44 милијарди САД долари. Тоа

претставува пад за 28 милијарди САД долари, односно за 38,9% во споредба со 1997 година. Најизразен вишок во тековната сметка е регистриран кај Јапонија и ЕУ, кои остварија суфицит од 128, односно 100 милијарди САД долари, соодветно, додека САД имаа дефицит на тековната сметка во висина од 231 милијарда САД долари.

Регионалните кризи во Азија и Русија, како и драстичниот пад на цените на суровините на светските берзи во текот на 1998 година, најтешко ги погодија земјите во развој, кај кои остварениот реален пораст на БДП од 2,8% е двојно понизок од остварениот во 1997 година. Притоа, најизразен пад е регистриран кај азиските земји во развој, кај кои реалната стапка на пораст на БДП се намали од 6,6% во 1997 година на 2,6% во 1998 година, и кај земјите од Западната хемисфера од 5,1% на 2,5%. Неповолните економски остварувања на земјите во развој немаа посебно значење за македонската економија, бидејќи на овие пазари во 1998 година се извезени само 2,5% од вкупниот извоз на Република Македонија. Во 1998 година просечната стапка на инфлација кај овие земји повторно се искачи на двоцифрено ниво, а дефицитот на тековната сметка на билансот на плаќање во споредба со минатата година се продлабочи за 29 милијарди САД долари и достигна 95 милијарди САД долари.

### 1.2. Земји во транзиција

Земјите во транзиција, а особено земјите од централна и источна Европа (без земјите од поранешна Југославија), не претставуваат исклучително значаен пазар за производите од Република Македонија, бидејќи нивното учество во македонскиот извоз изнесува 8,3%. Меѓутоа, економските резултати на земјите во транзиција имаат посебна важност затоа што даваат добра основа за споредба на остварувањата на македонската економија.

Земјите во транзиција во 1998 година остварија негативна стапка на пораст на реалниот БДП од 0,8%.[2] Тоа е првенствено последица на економската криза во Русија, која силно ја погоди не само оваа земја (предвиден пад на БДП од 5,7%), туку и други земји во регионот со кои таа има развиени трговски и финансиски врски.

Земјите во транзиција од централна и источна Европа (без Белорусија и Украина) во 1998 година остварија просечна стапка на пораст на реалниот БДП од 2,9%, што претставува забавување на порастот во однос на претходната година за 0,3 процентни поени. Просечната реална стапка на

[2] Проценка, WEO, Interim Assessment, Декември 1998.

пораст на БДП на оваа групација на земји е идентична со соодветната во Република Македонија. Меѓутоа, треба да се има предвид дека во споредба со другите транзициони економии од набљудуваниот регион, порастот на македонската економија остварува растечка динамка.

Табела 2

**Селектирани макроекономски индикатори**
**- земји во транзиција -**

| | БДП [1] (реален пораст во %) | | Инфлација [1] (во %) | | Салдо на тековна сметка [2] на биланс на плаќања (% од БДП) | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1997 | 1998 | 1997 | 1998 | 1997 | 1998 |
| Земји во транзиција | 1,9 | -8,0 | 27,9 | 21,0 | - | - |
| Централна и источна Европа [3] | 3,2 | 2,9 | 40,9 | 16,4 | -6,2 | -7,1 |
| Земји од првата група за прием во ЕУ | | | | | | |
| Полска | 6,9 | 5,6 | 15,0 | 12,0 | -3,2 | -4,5 |
| Унгарија | 4,4 | 5,2 | 18,0 | 15,0 | -2,2 | -3,4 |
| Чешка | 1,0 | -1,5 | 8,0 | 11,0 | -6,1 | -3,1 |
| Словенија | 3,8 | 4,4 | 9,0 | 8,0 | 0,2 | -0,4 |
| Естонија | 11,4 | 5,1 | 11,0 | 11,0 | -12,0 | -10,6 |
| Останати земји | | | | | | |
| Хрватска | 6,5 | 2,4 | 4,0 | 5,0 | -12,6 | -8,6 |
| Бугарија | -6,9 | 5,0 | 1.082,0 | 23,0 | 4,2 | -0,8 |
| Романија | -6,6 | -5,5 | 155,0 | 60,0 | -5,7 | -6,4 |
| Словачка | 6,5 | 4,0 | 6,0 | 8,0 | -6,9 | -9,4 |
| Македонија [4] | 1,5 | 2,9 | 4,4 | 0,8 | -7,4 | -8,1 |

Извор: 1/ WEO, Interim Assessment, декември 1998 година
2/ EBRD, Transition Report 1998, за 1998 година проценети податоци
3/ без Белорусија и Украина, вклучени земјите од Балтичкиот регион
4/ Конечни податоци или проценки на институции од Република Македонија

Во поглед на ценовната стабилност, во 1998 година во споредба со претходната година, стапката на инфлација во транзиционите земји од централна и источна Европа е преполовена и се сведе на 16,4%. Во најнапредните земји од овој регион (освен Словенија) е регистрирана стапка на инфлација која се наоѓа на ниско двоцифрено ниво. Инфлацијата во Република Македонија во 1998 година е далеку под просечната стапка на инфлација за земјите во транзиција од набљудуваниот регион.

Високиот дефицит на тековната сметка на билансот на плаќања и во 1998 година е една од главните карактеристики на земјите во транзиција. Тој во транзиционите економии од централна и источна Европа во просек достигна 7,1% од БДП, што претставува зголемување за 0,9 процентни поени во однос на 1997 година. Притоа, во 1998 година 8 од 13 набљудувани земји од овој регион имаа дефицит повисок од 5% од БДП, додека во петте земји кои се најблиску до членство во ЕУ во просек изнесуваше 4,4%. Дефицитот

на тековната сметка на билансот на плаќања во Република Македонија во 1998 година достигна 8,1%, што е за 1 процентен поен над просекот за земјите во транзиција во централна и источна Европа, а за 3,7 процентни поени над просекот за најнапредните од нив. Зголемувањето на дефицитот на тековната сметка на билансот на плаќање е вообичаена појава кога една земја поминува низ процес на економска обнова, како што е случајот со транзиционите економии, заради потребата од значаен пораст на инвестициите кој не е проследен со соодветен пораст на штедењето.